ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2019 03 07

**Скопје, април 2020**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 35 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 36 |
| Биланс на состојба | 37 |
| Промени во капиталот | 38 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 39 - 41 |
| - Основни сметководствени политики | 41 - 42 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 43 - 54 |

Прилози

Прилог бр.1 - Утврдени разлики по позиции помеѓу податоците во Бруто билансот и Билансот на состојба на ден 31 декември 2018 година на МТСП

Прилог бр.2 - Утврдени разлики по позиции помеѓу податоците во Бруто билансот и Билансот на приходи и расходи на МТСП за 2018 година

Прилог бр.3 - Разлики меѓу податоци во СПИЛ проект и сметководствена евиденција на МТСП во 2018 година

Прилог бр.4 - Табеларен преглед на градежни објекти со кои располага/ги користи МТСП

Прилог бр.5 - Неевидентирани обврски за исплата на права за месец декември 2018 година

Кратенки користени во извештајот:

АВРСМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија
ЕЛС – Единици на локална самоуправа
ЗЕЛС – Здружение на единиците на локална самоуправа
ЗЈН – Закон за јавни набавки
ЈОУДГ - Јавна општинска установа детска градинка
ЈУ – Јавна установа
МОН – Министерство за локална самоуправа
МТСП - Министерство за труд и социјална политика
МФ – Министерство за финансии
МК – Министерство за култура
МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација
НСИОМ - Националниот совет на инвалидни организации на Македонија
РСМ – Република Северна Македонија
УЈП – Управа за јавни приходи
ФЗОРСМ – Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
ФПИОСМ – Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија
ЦСР – Центар за социјална работа

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-432/4

Дата: 24.04.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за труд и социјална политика на сметката основен буџет (637) за 2018 година.

За финансиските извештаи на МТСП за 2018 година ревизијата изрази неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на МТСП за 2010 година, при што овластениот државен ревизор изрази мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Извршена е ревизија на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај на МТСП за 2010 година за оваа сметка, при што е констатирано дека е постапено по двете дадени препораки.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност на МТСП за 2018 година констатирано е следното:

- Податоците во сметководствената евиденција и бруто билансот не се усогласени со годишната сметка на МТСП за 2018 година. Ова придонесува годишната сметка да содржи неточни информации, кои нереално ја отсликуваат фактичката состојба на работењето.
- Нецелосно е спроведен попис на средствата, побарувањата и обврските на крајот на годината.
- Неажурно, ненавремено и нецелосно евидентирање на состојбите и промените кај постојаните средства, обврските и побарувањата.

- Во делот на извршувањето на дејноста констатиравме дека не се почитувани критериумите при распределба на блок дотациите за социјалната заштита и заштита на децата по општини, како и отсуствуваат конкретни, јасни и применливи критериуми при распределбата на средствата на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, здруженија за борба против семејното насилство и Црвениот крст на РСМ, предвидени со Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Во делот каде ги нагласуваме прашањата од неизвесност и континуитет ја истакнуваме судската постапка во која министерството е тужена страна за неплатен долг во износ од 16.292 илјади денари, која се уште е во тек и неизвесно е како истата ќе заврши. Во делот останати прашања наведени се определени системски слабости кои не зависат од одлуките и активностите на МТСП, а имаат влијание на неговото работење и потребни се законски и други промени.

Во текот на ревизијата од страна на МТСП прифатени се сметководствени корекции, кои предизвикаа намалување на состојбата на активата и пасивата во финансискиот извештај - билансот на состојба за 40.371 илјади денари и зголемување на вонбилансната актива и пасива за 4.628 илјади денари.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 16-432/1 од 12.03.2020 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 36 до 38 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Министерство за труд и социјална политика која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на МТСП за 2010 година, при што овластениот државен ревизор изрази мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на МТСП застапувано од:

- Мила Царовска – министер од 01.06.2017 година до 03.01.2020 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско

известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 23.09.2019 година до 15.01.2020 година кај МТСП од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на презамените мерки по дадените препораките во Конечниот извештај на МТСП за 2010 година и издаден е извештај за статусот на спроведените препораки. При тоа е констатирано дека по двете дадени препораки во најголем дел е постапено.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 29 јануари 2020 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 16-432/1 од 12.03.2020 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување МТСП има формирано Комисија за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа од редот на истакнати медицински стручни лица (во натамошниот текст Комисија)[1]. Начинот на избор на членовите на Комисијата се врши согласно одредбите од Правилникот за организација, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа (во натамошниот текст Правилник)[2]. Од извршениот увид во работата на Комисијата ревизијата го констатира следното:

[1] Решенија за определување членови на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа бр.02-3958/1 од 30.06.2017 година и бр.02-7901/1 од 10.07.2018 година.

[2] Правилник за организација, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оценка и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, Службен Весник на РМ бр.2/2013 и 13/16.

- Медицинските стручни лица[3] членови на комисијата се избрани на јавен повик, но на ревизијата не и беа доставени информации за критериумите кои се земаат во предвид при нивниот избор. Отсуството на конкретни критериуми за избор може да предизвика субјективизам при изборот на членовите на Комисијата;
- Комисијата за спроведените ревизии кои се во нејзина надлежност не воспоставила евиденција, согласно со Законот за општата управна постапка која треба да ги содржи потребните податоци за предметот, за осигуреникот и дадениот наод, оцена и мислење, што не е согласно член 131-а став 2 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување и член 12 од Правилникот. Од страна на одговорните вработени во МТСП кои се надлежни да ги водат административно – техничките работи за Комисијата добиени се записници од одржани состаноци и месечни прегледи кои содржат дел од податоците за: осигуреникот, бројот на потврдени позитивни наоди, промена на мислење на позитивни наоди и на негативни наоди и слично, но истите според содржината не одговараат на барањата од законската и подзаконската регулатива;
- Членовите на Комисијата не постапиле согласно член 13 од наведениот Правилник, односно до министерот не доставиле годишен извештај за својата работа. Во нивно име надлежните вработени во МТСП кои ги водат административно – техничките работи за Комисијата, до министерот доставиле Анализа на работата на Комисијата за 2018 година споредена со истата од 2017 година.

Отсуството на критериуми за избор на членови на Комисијата, соодветна евиденција и годишен извештај за спроведени ревизии од страна на Комисијата не овозможува сигурен, навремен, веродостоен и точен увид во нејзината работа, како и во начинот на информирање на министерството.

**Препорака**

Одговорните вработени во МТСП да иницираат промена на Правилникот со цел да се воведат одредби кои ќе определат реални критериуми за избор на членовите на Комисијата и да воспостават евиденција, која по својата содржина ќе ги има сите елементи кои ги бара законската и подзаконската регулатива.

---

[3] 21 доктори специјалисти, од кои 15 доктори од обласa специјалист хирург, специјалист интернист, специјалист психијатар, специјалист по трудова медицина и специјалист ортопед.

Членовите на Комисијата, најмалку еднаш годишно да достават извештај до министерот за труд и социјална политика, со кој ќе информираат за спроведените ревизии во тековната година.

### 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Со испитување на документите, исправите и извештаите, сметководствените и финансиските постапки, електронските податоци и информациските системи и други евиденции во МТСП од аспект на тоа дали финансиските извештаи за 2018 година вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба ревизијата констатира дека постојат значителни разлики во евидентираните износи од сметководствениот информациски систем и бруто билансот од една страна и финансиските извештаи од друга страна. Во табеларниот преглед составен дел на извештајот (Прилог бр.1 и Прилог бр.2), прикажани разлики по позиции помеѓу податоците во бруто билансот и финансиските извештаи на МТСП за 2018 година и тоа:

- Со увид во билансните позиции од финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31.12.2018 година меѓу другото констатирана е билансна нерамнотежа, односно неусогласеност помеѓу одделни позиции од активата и пасивата во 2018 година (Капитални средства со Извори на капитални средства), како и помеѓу вкупна актива и пасива за претходната 2017 година.
- Во однос на финансискиот извештај – Биланс на приходи и расходи за 2018 година, неусогласеност со бруто билансот е констатирана на позициите Патни и дневни расходи, Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, Материјали и ситен инвентар, Поправки и тековно одржување, Други тековни расходи и Социјални надоместоци. Неусогласеноста произлегува од искажани расходи (во бруто билансот за 2018 година), кои не се во согласност со реализацијата на истите од евиденцијата на Сектор Трезор при МФ, односно направени се расходи без обезбедени согласности за пренамена на средствата од надлежното министерство, при реализирање на трошоците по сметки.

Утврдената состојба не е согласно член 22 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници со кој е уредено дека основните финансиски извештаи – Биланс на состојба и Биланс на приходи и расходи мораат да дадат точен, вистинит и целосен преглед на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи, како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата. Од страна на надлежните вработени во Сектор за финансиски прашања во МТСП добиени се информации дека причините кои довеле до наведената неусогласеност се од техничка природа, поради погрешно внесени податоци и невнимание при составување на Годишната сметка за 2018 година.

Погрешно проценетите позиции во финансиските извештаи не обезбедуваат целосно, вистинито и веродостојно информирање за состојбата и за движењата на средствата, обврските, изворите на средствата, приходите и другите приливи, за расходите и другите одливи и резултатот од работењето. Истовремено оваа состојба укажува и на необезбеден систем на редовна внатрешна сметководствена контрола.

**Препорака**

Одговорните вработени во МТСП да преземат активности за:

- Воспоставување на соодветна контрола во начинот на составување на Годишната сметка, имајќи во предвид дека истата треба да кореспондира и целосно да е усогласена со сметководствената евиденција и бруто билансот за тековната година;
- Преземањето на обврски да биде во согласност со обезбедените средства со буџетот.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.2. Со Буџетот на МТСП за 2018 година, потпрограма А2 – Пренесување на надлежности на ЕЛС, предвидени се средства за финансирање на надлежностите на ЈУ за деца – детски градинки и домови за стари лица по општини. По тој основ на сметката Блок дотации, евидентирани се исплатени парични средства во износ од 1.564.562 илјади денари, кои се однесуваат на доделени средства на општините за финансирање на надлежности утврдени во членот 22 точка 7 од Законот за локалната самоуправа[4]. Согласно член 12 од Законот за финансирање на локалната самоуправа, изготвени се Уредби за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за ЈУ за деца - детски градинки и ЈУ за социјална заштита - домови за стари лица по општини за 2018 година, каде се пропишани математички формули според кои треба да се врши распределбата на средствата. Следењето на примената на критериумите при распределба на дотациите го врши Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините која ја формира Влада на РСМ.

Од извршениот увид во деловните книги на МТСП и поткрепувачката документација ревизијата констатира дека:

[4] Социјалната заштита и заштита на децата – детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитно- социјални проблеми; деца со посебни потреби; децата од едно родителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

- средствата од блок дотациите исклучиво се користат за исплата на плати и материјални трошоци во овие установи и
- распределбата на блок дотациите по општини, не се врши со целосна и доследна примена на критериумите и формулите предвидени со Уредбите.

Надлежните лица во министерството образложија дека поради недоволна јасност и применливост на методологијата за утврдување критериуми, во пракса, распределбата на дополнително обезбедените средства со Буџетот на РСМ за фискалната година, како и дополнително доделување на средства по општини во случаи на новоотворени капацитети за згрижување и воспитување на деца во детска градинка се вршело линеарно.

Во текот на 2017 година донесен е Заклучок на Влада на РСМ[5], во кој се препорачува ЗЕЛС, во соработка со МФ, МОН, МТСП и МК да го редефинираат начинот и утврдувањето на критериумите за распределба на наменските и блок дотациите за општините. Во ноември 2019 година донесена е нова Уредба[6] со која е предвиден поинаков начин на распределба на средствата. При тоа, за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинските јавни установи за деца – детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки, е уредено блок дотацијата по општина да не биде помала од 350 илјади денари месечно, односно да не биде помала од потребните средства за исплата на плати и надоместоци од плати заклучно со состојбата на вработените од претходна година.

Отсуството на применливи критериуми и формули за распределба на блок дотации во 2018 година придонеле за појава на ризик од неправедна и нереална распределба на средствата по општини и предизвикува можност од субјективно проценување на нивните потреби при реализација на надлежностите, предвидени со Законот за локална самоуправа.

**Препорака**

Одговорните лица да спроведат активности:

- за продолжување со преземените мерки за редефинирање на критериумите за распределба на средствата од блок дотациите и
- да се следат ефектите од примената на новата Уредба со цел да се изнајде најсоодветен начин за нејзина имплементација и распределба на средствата според вистинските потреби на општините.

[5] Заклучок на Влада на РСМ бр.44 -3200/2 од 07.07.2017 година.

[6] Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца – детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2020 година, Службен весник на РСМ бр. 245 од 28.11.2019 година.

4.2.3. Финансирањето на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, здруженија за борба против семејното насилство и Црвениот крст на РСМ се врши врз основа на Одлука за распоредување на приходите од игри на среќа[7] донесена од Владата на РСМ, а по претходно поднесена Програма[8] од страна на министерството во вкупен износ од 70.000 илјади денари. Пред донесување на Програмата, иако тоа не е законски предвидено, МТСП објавил јавен повик за финансирање на три вида програмски активности на: националните инвалидски организации, здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот Крст на РСМ, при што направил евалуација и избор само за активностите на здруженијата за борба против семејно насилство (3.000 илјади денари). За останатите активности директно склучува годишни договори со НСИОМ и Црвен Крст на РСМ кои во 2018 година се во висина од 57.000 илјади денари односно 67.000 илјади денари со вклучена измена[9].

Со извршениот увид во Програмата и направените анализи на начинот на реализација на истата, склучените договори и распределбата на средствата ги констатиравме следниве состојби:

- Не е уреден начинот за спроведување и распределба на средствата по јавниот повик, а објавените критериуми во истиот се општи и не обезбедуваат доволно конкурентност и објективност при евалуацијата и изборот на апликантите и проектите/програмите. Имено, од страна на одделението за социјално вклучување по извршена евалуација дадено е Мислење со предлог за избор на здруженија, со образложение дека „избраните здруженија имаат доволно капацитети за исполнување на програмските активности“;

- Во склучениот договор со НСИОМ за финансирање на годишните програмски цели и активности за 2018 година, уредено е распределбата на средствата да се реализира врз основа на проценти утврдени со „Спогодба за поврзување на националните организации во НСИОМ“. Во отсуство на

[7] Одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2018 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Р. Македонија (Сл. Весник на РСМ 54/18).

[8] Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2018 година (Сл. Весник на РСМ 53/18).

[9] Програма за изменување на Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2018 година (Сл. Весник на РСМ 102/18).

склучена спогодба, уредено е распределбата на средствата да се врши врз основа на претходна „Одлука за утврдување на процентите за распределба на средства утврдени во Буџетот на РМ за 2014 година". Ревизијата констатира дека, распределените средства во 2018 година, наведени во Програмата и Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа, отстапуваат од утврденото процентуално учество;

- Доставените извештаи од корисниците на средствата по Програмата, НСИОМ и Црвен крст на РСМ се општи, односно не содржат детални податоци за активностите кои ги реализирале во текот на 2018 година, ниту се одобрени од одговорните лица, поради што не може да се потврди веродостојноста на спроведените активности и оправданоста на исплатените средства. Притоа признати се и расходи кои не се поврзани со реализација на програмските активности, а кои се однесуваат за плати на вработените, плаќање на фактури за комунални услуги, гориво, набавка на информатичка, канцелариска опрема, сервисирање на возила и сл..

Наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Програмата и склучените договори и влијаат на ефикасно искористување на средствата наменети за корисниците во социјален ризик.

**Препорака**

Одговорното лице на Министерството да преземе мерки и активности за:

- Уредување на начинот и постапката за спроведување и распределба на средствата по јавниот повик за здруженијата, како и на националните организации во НСИОМ и
- Подобрување на начинот на кој известуваат корисниците на средства од Програмата, односно нивните извештаи да содржат детални податоци за активностите кои се реализираат во текот на годината.

4.2.4. Во текот на 2018 година на сметката Социјални надоместоци евидентирани се исплатени средства по основ на правата за парична помош од социјална заштита, правата за заштита на децата и правата на воените и цивилните инвалиди од војната, во вкупен износ од 8.221.811 илјади денари кои претставуваат 19% од вкупните трошоци. Увидот во досиејата беше направен преку воспоставената електронска евиденција СПИЛ - Проект за унапредување на социјалните услуги кој е создаден за подобрување на ефективноста и ефикасноста на пензискиот систем и системот на социјална заштита. Целта на системот е воспоставување на интегриран информациски систем и развој на комуникациските врски помеѓу МТСП, ЦСР и другите институции во рамките на системот за социјална заштита, подобрување на администрирањето на социјалните парични надоместоци и нивно подобро

таргетирање.

Од извршениот увид во начинот на кој функционира СПИЛ проектот и деловните книги на МТСП, ревизијата го констатира следното:

- Вработените во центрите за социјална работа не секогаш навремено и уредно ги скенираат и прикачуваат документите кои треба да се составен дел на досиејата, поради што е оневозможен целосен увид во досиејата на корисниците на парична помош;
- При секое скенирање на нова документација (со исклучок на решенијата), старата се губи од увид, поради што не е можно да се следат историски настаните;
- Системот не овозможува увид во сите права кои со решение ги добива едно домаќинство;
- Во системот нема вградена контрола за престанок на правото на парична помош на лице до навршување на 26 години возраст кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа и кое нема приходи и имот од кои може да се издржува. Поради наведеното постои ризик да се изврши исплата на корисници кои не ги исполнуваат условите;
- Искажаните вкупни месечни износи по определени права во сметководствената евиденција на МТСП се за 2.786 илјади денари поголеми од истите обезбедени преку збирните месечни прегледи од СПИЛ проектот (Прилог бр.3). Добиените образложенија за овие разлики се однесуваат на исплатените средства од трезорската сметка, преку трансакциските сметки на МТСП отворени во деловните банки, до корисниците на правата, кои од различни причини (блокирана сметка, починато лице и сл.) не биле распределени на нивните трансакциски сметки.

  Во јули 2014 година донесена е „Процедура за регулирање на начинот на враќање на средствата од деловните банки за исплата на права", со кој се утврдени обврските за следење на поврат на средства, евидентирање на вратените средства во софтверот и нивно соодветно раскнижување. Иако Процедурата се применува и одговорните вработени ги следат трансакциите за плаќање и враќање на парични средства до и од корисниците на правата, повратот на средства не се евидентира во сметководствената евиденција на министерството.

Несоодветното користење на апликацијата од СПИЛ проектот и неусогласеноста помеѓу висината на исплатените права искажани во сметководствената евиденција и во СПИЛ проектот, не овозможува целосен увид во основот за стекнување на правата, како и потврдување на вкупните расходи евидентирани на сметката Социјални надоместоци.

**Препорака**

Одговорните лица во МТСП да ги преземат следните активности:

- Да се изврши увид во ЦСР и да се укаже на потребата од преземање мерки за целосно формирање на досиејата во апликацијата од СПИЛ проектот, со истовремено воспоставување на хронолошко следење на настаните;
- Да се изнајде системското решение на апликацијата од СПИЛ проектот кое ќе овозможи едновремено увид во сите права кои едно домаќинство ги користи, како и навремено сигнализирање на годините за престанок на правото кое им следи на лицата кои до 18 годишна возраст имале статус на дете без родители и
- Одговорните лица во секторот за финансиски прашања да воспостават сметководствена евиденција за износот од повратот на средствата од корисниците на правата, со цел да се прикажат реалните износи на исплатите по корисници.

**Биланс на состојба**

4.2.5. Со увид во преземените активности за вршење попис, како и Извештајот на Централната пописна комисија за извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата во МТСП со состојба 31 декември 2018, ревизијата го констатира следното:

- Во пописните листи податоците за средствата (градежни објекти, опрема и ситен инвентар) се внесени поединечно со количински показатели, но не и со парични вредности, што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- Комисиите за попис не извршиле попис на: сите градежни објекти кои со одлука на Влада на РСМ му се отстапени на трајно или привремено користење на министерството, нематеријалните средства (лиценци и софтвери), материјалните средства во подготовка, што не е согласно член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 29 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- Комисијата за попис не извршила попис на побарувањата и обврските и не го утврдила правниот основ за нивно постоење, не потврдила дали и какви мерки се преземени од одговорните лица за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години и не ги потврдила причините за неизмирените обврски спрема добавувачите, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- Во пописните листи не се внесени податоци за објектите кои ги користи МТСП согласно склучени договори за закуп и користење на деловен простор од други субјекти што не е во согласност со членовите 29 став 2 и 32 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Нецелосно извршениот попис на средствата и нивните извори и не извршеното усогласување на состојбата искажана во сметководството со фактичката состојба влијаат врз реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември, на квалитетот на информациите кои ги дава истиот и не е потврдена сметководствената состојба на средствата и обврските.

**Препорака**

Одговорните лице да воспостави услови за целосно спроведување на пописот на средствата, обврските и побарувањата најмалку еднаш годишно на начин предвиден со подзаконскиот акт и правилно и целосно пополнување на пописните листи како услов за усогласување на фактичката со сметководствената состојба.

4.2.6. Со извршениот увид во сметководствената евиденција на нематеријалните и материјалните средства, документацијата со која располага МТСП, како и увид во пописниот елаборат со состојба на 31 декември 2018 година, се констатира следното:

- Ревизијата не беше во можност да ги потврди почетните состојби кои се однесуваат на набавна вредност (667.743 илјади денари) и исправка на вредноста (346.610 илјади денари)[10] на нематеријалните и материјалните средства. Надлежните вработени информираа дека сметководствените вредности се преземени од историски наследени податоци, за чие потврдување не приложија веродостојни сметководствени документи. Истовремено воочени се разлики во почетните состојби меѓу сметководствената и материјалната евиденција, при што во сметководствената евиденција искажани се поголеми вредности за: набавната вредност на средствата во вкупен износ од 322.236 илјади денари и исправката на вредноста во износ од 170.709 илјади денари;
- Поради не обезбедени точни, сигурни и веродостојни документи, како и податоци за вредноста на недвижниот имот, во деловните книги на МТСП не се евидентирани:
    - Градежни објекти и земјиште кои врз основа на 14 (четиринаесет) одлуки донесени од Владата на РСМ, на МТСП му се дадени правата за нивно трајно користење. Во имотните листи кои се однесуваат на овој недвижен имот впишани се податоци за сопственоста на РСМ, додека правото на користење на МТСП не е наведено;
    - Два објекти за кои МТСП поседува имотни листи од кои се потврдува правото на сопственост;

[10] Патенти, лиценци, концесии и други права (60.832 илјади денари), Градежни објекти (425.206 илјади денари), Опрема (181.705 илјади денари), Исправка на вредноста на нематеријални средства (55.814 илјади денари) и Исправка на вредноста на материјални средства (290.796 илјади денари).

- Објектите во кои се сместени дирекцијата на МТСП (со исклучок на петти кат од зградата) и Управата за прашања на борците и воените инвалиди - орган во состав на МТСП, за кои не се обезбедени документи за утврдување на правото за нивно користење;
- Објект, кој во минатото бил одморалиште за деца и за кој во тек е постапка за утврдување на корисничкото право.

Во Прилог бр.4 прикажани се дополнителни податоци за наведените градежни објекти и земјиште.

- Реновирањето, адаптацијата, доградбата или изградбата на објекти - детски градинки и други објекти за социјална заштита и нивното опремување со средства кои се обезбедени од буџетот на МТСП, се евидентираат во сметководствената евиденција на министерството. Откако градежните работи се целосно завршени и опремата набавена, истите со решение се отстапуваат на општините или центрите за социјална работа кои стопанисуваат со објектите, односно сметководствените податоци за овие настани се пренесуваат во сметководствената евиденција кај корисниците на истата. При тоа, констатиравме дека поради невнимание, направен е пропуст и дел од опремата и инвестициите во градежни објекти во износ од 22.777 илјади денари не биле евидентирани на наведениот начин. Наведеното не овозможува да се има целосен преглед за вложените парични средства во детските градинки и социјалните објекти, степенот на реализација на склучените договори и дали истите се отстапени на корисниците.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од членовите 12 и 22 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членовите 58 и 59 од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост и со стварите во општинска сопственост. Со погрешно презентирање на податоците во деловните книги на министерството не се обезбедува целосно, вистинито и веродостојно информирање за состојбата и за движењата на средствата, што имаат влијание врз реалноста и објективноста на состојбите на постојаните средства и државен јавен капитал искажани во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31 декември и целосноста на податоците во евиденцијата на стварите во државна сопственост кои ги користи МТСП.

**Препорака**

Одговорните лица во МТСП да преземат активности за:

- обезбедување на веродостојни документи за сметководствено евидентирање на постојаните средства и нивните промени;
- целосно усогласување на материјалната и сметководствената евиденција на постојаните средства;

- процена на вредноста и воведување во сметководствената евиденција на оние објекти и земјишта кои согласно одлуки донесени од Влада на РСМ му се отстапени на користење на министерството;
- обезбедување на документи за определување на сопственичкиот статус на објектите кои ги користи министерството, а за кои не располага со уредна документација и
- воспоставување контрола при сметководственото евидентирање на вложувањата во опрема и градежни објекти кои не се сопственост на министерството.

4.2.7. Со извршената ревизија на сметката Обврски спрема добавувачите во земјата и извршениот увид во сметководствената евиденција ги констатиравме следните состојби:

- Во бруто билансот за 2018 година искажана е почетна состојба во износ од 2.973.714 илјади денари која е за 474.762 илјади денари поголема од почетната состојба евидентирана во сметководството на МТСП и за 2.937.765 илјади денари поголема од истата прикажана во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31 декември 2018 година (Прилог бр.1). Истовремено почетната состојба на обврските не е усогласена со крајната состојба од 2017 година, односно истата е за 86.467 илјади денари помала, што не е во согласност со член 9 став 3 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, каде што е наведено дека почетните состојби на главната книга на почетокот на фискалната година се исти со заклучните состојби на крајот на претходната фискална година;
- Кај дел од добавувачите прикажани се должнички салда. Една од причината за ваквата состојба е неуредно воспоставената аналитичка евиденција на оваа сметка што придонело во сметководствената база да се јават исти добавувачи, но со различни шифри. Оваа состојба не е согласно член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 10 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Неуредно воспоставената сметководствена евиденција претставува причина во почетната состојба на оваа сметка да има истовремено нејзино задолжување и раздолжување за исти износи, со што се добива нереална претстава за прометот на оваа сметка;
- На крајот на 2018 година во деловните книги на министерството не се евидентирани обврски во износ од 694.536 илјади денари кои произлегуваат од исплата на правата определени во законската регулатива[11] за месец

[11] Закон за социјална заштита (Сл. Весник на РСМ бр. 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/2013, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18), Закон за заштита на децата (Сл. Весник на РСМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18),

декември 2018 година, кои се исплаќаат во јануари 2019 година (Прилог бр.5). Оваа состојба е спротивна на член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници во кои е наведено дека сите податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.

Утврдените значителни разлики во почетната состојба искажана во сметководствената евиденција и финансиската документација, воспоставената неуредната евиденција на добавувачите и нецелосно евидентираните обврски укажува на тоа дека состојбата на сметките Активни временски разграничувања и Обврски спрема добавувачите во земјата не е реално и објективно прикажана во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31 декември 2018 година.

**Препорака**

Одговорните лица во Сектор за финансиски прашања да преземат мерки за:

- Зголемување на контролните активности во делот на пренос на податоците во деловните книги;
- Воспоставување на уредна и соодветна аналитичка евиденција на сметката Обврски кон добавувачи во деловните книги и
- Целосно и навремено евидентирање на обврските кои се однесуваат на стекнатите права по законите за социјална и детска заштита за месец декември од тековна фискална година, а кои се исплаќаат наредната година.

4.2.8. Од извршениот увид на евидентираните побарувања во деловните книги на МТСП ревизијата утврди дека авансите за службено патување во странство исплатени на вработените во текот на годината, сметководствено не се евидентираат хронолошки во моментот на нивната исплата, односно истите се евидентирани само со еден налог за книжење. Овие побарувања не се затворени, иако авансите се раздолжени од страна на вработените, доставена е соодветна документација и истото е евидентирано во благајничките извештаи, поради што на крајот на годината на оваа позиција е прикажано салдо во вкупен износ од 1.719 илјади денари. Како причина за наведената состојба е несоодветната поврзаност на програмите за благајничко работење со финансиско сметководство, поради што податоците не се пренесуваат

---

Законот за правата воени инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци (Сл. Весник на РСМ бр.13/96, 31/16) и
Закон за цивилните инвалиди од војната („Службен лист на СФРЈ бр.33/1976, 25/1979, 11/1981, 4/1985, 12/1989, 17/1991, 38/1991 и Сл. Весник на РСМ бр. 81/1999, 165/2008; 12/2009 и 161/2009).

навремено и хронолошки. Оваа состојба не е согласно членовите 2 и 7 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае на реално и објективно прикажување на позициите Краткорочни побарувања од вработените и ПВР во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31 декември 2018 година.

**Препорака**

Одговорното лице за сметководствено евидентирање на трансакциите да преземе активности за точно, вистинито, благовремено, ажурно евидентирање на побарувањата од вработени.

**4.3. Користење на средствата согласно законски прописи**

4.3.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2017 и 2018 година, а по кои се преземени обврски во 2018 година, извршивме анализа на расположливите податоци и ревизија на 12 постапки за јавни набавки. По овие постапки за доделување на договори за јавна набавка, склучени се договори, кои во годината предмет на ревизија имаат реализација во вкупен износ од 50.795 илјади денари. При тоа констатиравме:

- Извршена е набавка на електрична енергија во износ од 3.547 илјади денари без да биде спроведена постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 16 од ЗЈН. Во 2019 година оваа состојба е надмината, односно спроведена е постапка за доделување на договор за набавка на електрична енергија;
- Склучените договори за изведување на градежни работи за санација на објекти (детски градинки и други објекти за социјална заштита) содржат одредби со кои е уреден начинот на примопредавањето на изведените работи. Наведените одредби се нејасни/неусогласени и не делуваат облигаторно на изведувачите на работа, а дозволуваат однесување при нивното примопредавање кое може неповолно да влијание врз квалитетот на изведените градежно занаетчиски работи. Имено,
  - со член 54 од договорите е предвидено дека ако нарачувачот започнал да го користи објектот пред примопредавањето, се смета дека примопредавањето е извршено со денот на почетокот на користењето,
  - со член 55 е предвидено да се составува записник за примопредавањето, при што се утврдени и податоците кои треба да ги содржи записникот. Записникот за примопредавање може да го состави, и само еден договарач без учество на другиот ако другиот договарач неоправдано го одбие учеството во примопредавањето или неоправдано не се јави на поканата да учествува во примопредавањето.

Со извршениот увид во практичната примена на одредбите од договорите, констатиравме дека нема изготвено записници за примопредавање на санираните објекти;

- Склучените договори за набавка, испорака и монтажа на опрема во детски градинки и јавна установа за социјална заштита на стари лица содржат одредби согласно кои испорачаната опрема треба да биде обезбедена со гарантен период од најмалку 12 месеци од производителот/носителот на набавката. Поради тоа што гарантните листови се доставени на соодветните установи за кои се однесува набавката, истите не и беа презентирани на ревизијата.

Наведените неправилности укажуваат на несоодветно применети законски одредби и одредби од склучените договори при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки и реализација на склучените договори, што може да влијае на рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка. Утврдените состојби кои се однесуваат на одредбите од склучените договори и начинот на нивна реализација не обезбедуваат квалитативно и квантитативно реализирање на договорите.

**Препорака:**

Раководителот на субјектот, надлежните вработени во организационата единица за јавни набавки и вработените во Секторот за финансиски прашања да преземат мерки и тоа:

- во договорите за изведување на градежни работи за санација на објекти да предвидат одредби за задолжително потпишување на записници за примопредавање од двете договорни страни и
- да обезбедат докази дека добавувачите на опремата доставиле до установите за кои се однесува набавката гарантни листови за истата.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1. до 4.3., кои се основ за изразување мислење, се :

- Не се утврдени критериуми за избор на членовите на Комисија за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, не е воспоставена евиденција за предметите кои ги разгледува оваа комисија и истата не доставува годишен извештај за својата работа;
- Не е воспоставена билансна рамнотежа и утврдени се разлики по позиции помеѓу податоците во бруто билансот и финансиските извештаи за 2018 година;
- Распределбата на блок дотациите по општини не се врши со целосна и доследна примена на критериумите и формулите предвидени со Уредбите;

- Не е јасно уреден начинот и постапката за спроведување и распределба на висината на средствата предвидени со Законот за игрите на среќа и за забавните игри и критериумите за избор на апликантите;
- Утврдени се слабости при користењето на апликацијата на СПИЛ проектот и не е извршено сметководствено евидентирање на повратот на паричните средства;
- Нецелосно е спроведен попис на средствата, побарувањата и обврските на крајот на известувачкиот период со состојба 31.12.2018 година;
- Во деловните книги искажани се податоци за постојаните средства, но за истите не е потврдена почетната состојба и не е воспоставена целосна и точна евиденција;
- Не е воспоставена целосна, точна и уредна евиденција во деловните книги на сметката обврски кон добавувачи и побарувања од вработените;
- Утврдени се неправилности во делот на спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки односно преземени се обврски без спроведена постапка за јавна набавка и несоодветно се применети законски одредби и одредбите од склучените договори.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за труд и социјална политика на ден 31 декември 2018 година, како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Сметаме за потребно да истакнеме информации кои се однесуваат на расходите прикажани во финансискиот извештај – Биланс на приходи и расходи за 2018 година, но истите немаат влијание на ревизорското мислење.
Имено, со извршениот увид во структурата на вкупните расходи, најголемо учество или 75% имаат Тековните трансфери до вонбуџетските фондови во кој

се вклучени трансферите до ФПИОСМ (29.276.532 илјади денари или 69% од вкупните расходи) и трансферите до ФЗОРСМ (2.548.619 илјади денари или 6% од вкупните расходи). Трансферите до ФПИОСМ во најголем дел се однесуваат на покривање на тековниот буџетски дефицит за 2018 година во износ од 22.419.500 илјади денари[12], како и транзициони трошоци до вториот столб во износ од 6.855.000 илјади денари. Висината на трошоците по овие основи ја определува ФПИОСМ, со доставување на барање за трансфер на средства, додека МТСП врши нивна формална контрола, не навлегувајќи во точноста и реалноста на податоците во барањето.

Во графичкиот приказ што следи ги прикажуваме исплатените трансфери до вонбуџетските фондови во последните девет години изразени во илјади денари.




Трансфери до вонбуџетските фондови во период 2010 – 2018 година

Од графиконот може да се забележи дека трансферите до ФПИОСМ бележат континуиран пораст. Во однос на трансферите до ФЗОРСМ може да се констатира благ пад во 2018 година во споредба со претходната година.

На овој начин воспоставената пракса на трансфер на средствата е во согласност со Упатството за начинот на трезорско работење, за што во идниот период, потребно е надлежните органи да го преиспитаат начинот на воспоставена комуникација меѓу сметките во рамките на Трезорот, во насока на директно (меѓусебно) комуницирање на сметката на Основен буџет и сметките на буџетот на фондовите.

6.2. Во текот на 2018 година на сметката Социјални бенефиции искажани се расходи

[12] Во износот се вклучени обврски утврдени со закон, воени и минимални земјоделски пензии и буџетскиот дефицит

во вкупен износ од 8.221.811 илјади денари кои претставуваат 19% од вкупните расходи во 2018 година. Во овие расходи спаѓаат исплатените средства за парична помош согласно Законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата и Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци. Во следниот графички приказ претставена е структурата на исплатената парична помош од социјална заштита изразена во илјади денари.




Права на парична помош од социјална заштита

Најголем дел од расходите за парична помош од социјална заштита се однесуваат на паричен надоместок за: помош и нега од друго лице (туѓа нега), постојана парична помош, додаток за мобилност и слепило и социјална парична помош. Во следниот графички приказ претставени се нивните движења во последните девет години изразени во илјади денари.




Дел од права на парична помош од социјална заштита во период 2010 – 2018 година

Може да се констатира дека исплатената парична помош од социјална заштита по прикажаните четири основи, со исклучок на постојаната парична помош бележат континуиран пораст.

Во 2018 година исплатени се 3.416.594 илјади денари за правата за заштита на децата. Најголем дел од нив или 85% се однесуваат на родителски додаток за трето и четврто дете.




Права за заштита на децата

При анализата на трендовите кои се однесуваат на исплатените права за заштита на децата констатиравме дека родителскиот додаток за трето и четврто дете бележи значителен пораст, а тенденција на пораст има и кај посебниот детски додаток. Што се однесува на останатите права за заштита на децата, констатиравме дека, детскиот додаток низ годините се намалува, додека еднократната парична помош за новороденче останала на приближно исто ниво. Овие состојби сликовито се прикажани во графиконите што следат изразени во илјади денари:




Права за заштита на децата во период 2010 - 2018 година




Родителски додаток за трето и четврто дете во периодот од 2010 до 2018 година

Горенаведените податоци претставуваат насоки за преземање на натамошни активности од страна на надлежните органи при планирањето и обезбедувањето на средства за исплата на правата на корисниците согласно Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата.

6.3. Имајќи ја во предвид важноста на дејноста која ја врши МТСП, посебно во областа на социјалната заштита и заштита на децата, во текот на ревизијата беше извршена анализа на реализираните надзорни активности кои се уредени со законските одредби.

Согласно законските регулативи МТСП треба да врши надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за социјалната заштита (член 223) и Законот за заштита на децата (член 197). Што се однесува на надзор над стручната работа, МТСП треба да врши надзор во остварувањето, згрижувањето, воспитанието, престојот, негата, исхраната, одмор и рекреација како и други мерки и активности утврдени со Законот за заштита на децата (член 203), додека надзорот над стручната работа на установата за социјална заштита и работниците во нив, како и над друго правно и физичко лице кое врши определени работи во социјалната заштита врши Заводот за социјални дејности (член 247).

Исто така, МТСП врши инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи што се однесуваат на:

- социјалната заштита над установите за социјална заштита, другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита како професионална дејност и
- заштитата на децата, над установите за деца, како и над другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца.

Во организациската структура во МТСП е определено надзорот над спроведувањето на одредбите на двата закони и стручниот надзор согласно Законот за заштита на децата да го вршат надлежните вработени во Сектор за социјална заштита и Сектор за заштита на деца, соодветно секој во својот дел. Инспекцискиот надзор го врши Сектор за инспекциски надзор над примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита и заштитата на децата.

Од спроведените интервјуа со надлежните вработени во Секторите, како и направениот увид во доставените документи, ревизијата констатира дека, во 2018 година извршен е стручен надзор во установите за деца од страна на вработени во Секторот за заштита на децата. Стручниот надзор е спроведен во соработка со Бирото за развој на образованието со цел да се изврши увид во спроведување на Програмата за рано учење и развој во јавните установи за деца кој започнал да се реализира во 2009 година. По изготвен Оперативен план за работа, направен е надзор кај 30 установи за деца, по што во мај 2018 година, изготвен е Извештај од спроведената проценка на реализацијата на Програмата. Во извештајот се констатирани определени слабости и дадени биле препораки

за подобрување на квалитетот во спроведување на програмата. Во јануари 2019 година министерот за труд и социјална политика донел Годишна програма за стручни надзори над спроведување на Законот за заштита на децата за 2019 година со која било планирано да се опфатат 14 детски градинки и 2 центри за ран детски развој. Овие активности се реализирани за што е изготвен извештај.

Во март 2018 година министерот за труд и социјална политика со Решение формирал Комисија за вршење надзор на приватни установи за социјална заштита на стари лица. Надлежните лица во Секторот за социјална заштита, кои истовремено се членови на Комисијата, информираа дека надзорот е спроведен, но на ревизијата не и беа доставени официјално потпишани записници за утврдените состојби за секоја приватна установа каде бил спроведен надзор, поради што не сме во можност да ги потврдиме спроведените надзорни активности.

Секторот за инспекциски надзор својата работа ја врши преку редовен, контролен и вонреден инспекциски надзор. Редовниот инспекциски надзор се врши по претходно донесена и усвоена Годишна програма за работа за 2018 година, која се објавува на web страната на МТСП. Програмата има конкретно дефинирани активности по центри за социјална работа, установи за социјална заштита, установи за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст. За спроведените инспекциски надзорни активности Секторот редовно изготвува квартални извештаи кои се објавени на web страната на МТСП.

Според анализата на преземените надзорни активности во надлежност на МТСП, ревизијата смета дека инспекцискиот надзор е застапен во доволна мера, што не е случај со надзорот над спроведувањето и примената на законите и другите прописи, како и стручниот надзор според одредбите од Законот за заштита на децата. Причина за оваа состојба е тоа што Сектор за социјална заштита и Сектор за заштита на деца покрај надзорните активности извршуваат и други работи кои се во надлежност на нивните сектори.

Со извршената ревизија на правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци ревизијата утврди дека за известувачкиот период од страна на МФ не е извршен инспекциски надзор над користењето на средствата за оваа намена, што не е во согласност со Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци.

Недоволно застапениот надзор и стручен надзор може да влијае врз ненавремено откривање на случаите каде не се применува/неправилно се применува законската регулатива, несоодветно се обезбедуваат правата и услугите, што може да предизвика ненаменско и незаконско користење на буџетските средствата. Од тие причини ја нагласуваме потребата од континуирано зајакнување на надзорните активности.

6.4. Сметаме за потребно да обелодениме дека со ревизијата беа опфатени постапки пред надлежните судови во кои МТСП се јавува во својство на тужена странка и тужител. Според прегледот доставен од Сектор за правни и нормативни, општи и заеднички работи, констатиравме дека во 2018 и 2019 година МТСП била тужена странка во судски предмети по следниве основи:

- 34 предмети од областа на работните спорови, од кои 1 предмет се уште не е решен,
- 19 предмети за неплатен долг, од кои 2 предмети се уште не се решени и
- 2 предмети по основ на надомест на штета за кои судската постапка е во тек.

Ги истакнуваме следните судски постапки, во кои МТСП е тужена странка и чии разрешници предизвикале позначителен одлив на парични средства и тоа:

- Постапката во која тужител е државен студентски дом, а се однесува на неплатен долг во износ од 2.391 илјади денари, по основ на склучен договор за време на сместување на населението од поплавените места од скопскиот регион кои настрадале во поплавите на 06 август 2016 година. Поради отсуство на конкретно уредени меѓусебни права и рок до кога е доделена оваа обврска на МТСП, како и поради необезбедени финансиски средства, придонело министерството да не оспори, но и да не плати неколку фактури. Постапката била пресудена од надлежниот основен суд, а потврдена од апелациониот суд во полза на тужителот, поради што во 2019 година исплатени се вкупно 12.754 илјади денари.
- Поради отсуство на уредени меѓусебни права и обврски согласно Законот за облигациони односи меѓу МТСП и јавно сообраќајно претпријатие, за извршени услуги за превоз на внатрешни раселени лица во текот на 2005 година, започната е судска постапка за неплатен долг, по што во 2012 година била донесена пресуда од надлежниот суд. По наведената пресуда во текот на 2017 година извршено е плаќање на главниот долг во износ од 6.663 илјади денари, додека во текот на 2018 година извршена е исплата на камата во износ од 12.736 илјади денари или вкупно по наведената пресуда исплатени се 19.399 илјади денари.
- Во текот на 2015 година министерството пристапило кон еднострано раскинување на договор за изведување на градежно занаетчиски работи во ЈОУДГ во Општина Сарај, иако од страна на изведувачот работите во вкупен износ од 4.366 илјади денари веќе биле изработени. Поради непреземени активности за нивно плаќање, од страна на изведувачот заведени се два судски спора пред надлежниот суд кој донел пресуди во текот на 2017 и 2018 година на вкупен износ од 6.663 илјади денари со вклучени камата и судски трошоци. Во текот на 2018 година од страна на министерството извршено е плаќање на наведените средства.
- Со образложение за ненавремени завршени работи министерството во 2015 година пристапува кон еднострано раскинување на договор адаптација на

објект на детска градинка во с. Оризари- Кочани. По налог на изведувачот издаден е нотарски акт со кој министерството се задолжува да исплати износ од 848 илјади денари со затезна камата. По покрената жалба во 2018 година донесена е пресуда од надлежниот суд и извршена е исплата на вкупен износ од 1.264 илјади денари.

6.5. Сметаме за потребно да ја истакнеме судската постапка кој се уште е во тек и неизвесно е како истата ќе заврши, што може да предизвика и значителен одлив на буџетски средства. Имено, во октомври 2017 година, правен субјект кој доставувал нафта за потребите на министерството започнал судска постапка против МТСП, поради неплатен долг во износ од 16.292 илјади денари по основ на доставени фактури и друга финансиска документација за набавка на нафта во 2011/2012 година. Според доставените записници од одржани судски рочишта може да се констатира дека финансиската документација била уредна со соодветно наведена количина, која е усогласена со доставените: испратници, кантарските белешки и записниците за прием на нафта, но имало поплаки од одредени центри за социјална работа дека нафтата брзо им се троши. Поради тоа, фактурите биле сметководствено евидентирани како неподмирени обврски, но истите не биле платени, истовремено посочувајќи на фактот дека против раководното лице на тужителот била отворена кривична постапка. Како што се менувале министрите во МТСП ниту еден од нив не ги платил фактурите, поаѓајќи од сопствениот сомнеж во нивната реалност и валидност. Долгот во меѓувреме застарил, но по доставување и потврдување на записник за порамнување меѓу тужителот и тужениот од јануари 2017 година, застареноста била прекината и долгот бил повторно признат, по што била започната судска постапка.

6.6. Со одредбите од Законот за цивилни инвалиди во војна, меѓу другото се уредува и висината на цивилната инвалиднина според степенот на оштетување на организмот[13]. Лицата кои спаѓаат во првата група со 100% инвалидитет, покрај правото за цивилна инвалиднина имаат право на додаток за нега и помош од страна на друго лице, во висина од 100% од ова право на воените инвалиди, под услови утврдени со прописите за воените инвалиди. Ревизијата утврди дека во 2018 година 11 лица/корисници на цивилна инвалиднина за кои е утврден степен на цивилна инвалидност од прва група инвалидитет, не го стекнале правото на

[13] Според степенот на оштетување на организмот на цивилните инвалиди од војна се распределуваат во 5 групи и тоа прва група со 100% инвалидитет, втора група со 90%, трета група со 80%, четврта група со 70% и петта група со 60% инвалидитет. Висината на цивилната инвалиднина за цивилните инвалиди од војна за првата група се утврдува -100% од личната инвалиднина на првата група на воени инвалиди кои користат нега и помош од друго лице, за втората група -73% од цивилната инвалиднина на првата група цивилни инвалиди од војна, за третата група-55% од цивилната инвалиднина на првата група цивилни инвалиди, за четвртата група– 40% од цивилната инвалиднина на првата група цивилни инвалиди и за петта група- 30% од цивилната инвалиднина на првата група цивилни инвалиди.

додаток за нега и помош од друго лице. Имајќи ги во предвид законските одредби, во услови на определен степен на највисоки инвалидитет, ревизијата не се увери во исправноста на донесените наоди и мислења од надлежната лекарската комисија, а врз основа на која ЦСР носат решенија.

6.7. Со одредбите на Законот за државните службеници беше предвидено државните службеници да стекнуваат степен на кариера заради обезбедување на професионален развој и вреднување на успехот и стручноста во нивното работење. Со овој закон беа пропишани степените на кариера (А, Б, В и Г), условите кои треба да се исполнуваат за стекнување на соодветен степен и правото на исплата на додаток на плата за кариера во соодветен процент од додатокот за звање. Оваа стекнато право е признаено и со Законот за административните службеници, односно со член 111 став 4 од овој закон предвидено е државниот службеник на кој до денот на влегување во сила на овој закон му се исплаќа додаток за степен на кариера согласно Законот за државните службеници, износот на додатокот за степен на кариера да му биде пресметан како дополнителни бодови во вредност на исплатениот додаток, во делот на плата за нивото.

Ревизијата констатира дека во текот на месец февруари 2018 година биле склучени повеќе спогодби за регулирање на правата и обврските за исплата на додатокот на плата за кариера и донесени се Решенија за стекнување со степен на кариера и исплата на додаток на плата за кариера со сите вработени кои ги исполнуваат предвидените услови, при што не биле опфатени вработените кои во меѓувреме додека бил на сила Законот за државните службеници добиле унапредување преку објавен јавен или интерен оглас. Ревизијата сака да укаже на селективниот пристап при стекнување на ова право, поради тоа што ниту Законот за државните службеници ниту Законот за административни службеници не содржат одредба која предвидува укинување на стекнатото право на додаток за кариера по спроведена постапка за унапредување на административниот службеник. По добиените задолжувања согласно Извадокот од Нацрт записникот од 53-та седница на Владата на РСМ одржана на ден 06.02.2018 година со кој се задолжуваат органите на државната управа активните судски предмети покренати од страна на административните службеници за исплата на додаток на степен на кариера да бидат решени по пат на вонсудски спогодби во текот на месец декември 2019 година потпишани со спогодби за остварување на правото од работен однос и начин на исплата на додаток на плата за остварен степен на кариера преку постапка на медијација со 22 вработени во МТСП. Но, ниту со оваа постапка не се опфатени 7 вработени кои биле унапредени додека бил на сила Законот за државните службеници.

6.8. Во текот на ревизијата од страна на МТСП прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија и тоа:

- Отстапување на антивирусни лиценци набавени за потребите на ЦСР кои се водат во сметководствено евидентирање на МТСП, поради што вредноста на сметките Патенти, лиценци, концесии и други права се намали за 819 илјади денари, Исправка на вредноста на нематеријални средства се намали за 27 илјади денари, додека Државен јавен капитал се намали за 792 илјади денари;
- Отстранување од сметководствената евиденција расходи за одржување и поправка на градежни објекти кои неосновано биле евидентирани како капитални инвестиции во градежни објекти поради што сметките Градежни објекти и Државен јавен капитал се намалија за 1.190 илјади денари;
- Зголемување на вредноста на сметките Градежни објекти за 624 илјади денари, Исправка на вредноста на опрема за 13 илјади денари и Државен јавен капитал за 611 илјади денари, поради воведување во сметководствената евиденција на следните изведени работи: изградба на пристапни рампи и градежно занаетчиски работи за реновирање на таван во просториите на дирекцијата на министерството;
- Зголемување на вредноста на сметките Опрема за 1.046 илјади денари, Исправка на вредноста на опрема за 104 илјади денари и Државен јавен капитал за 942 илјади денари, поради воведување на набавен лифт и ормани во сметководствената евиденција на МТСП;
- Воведување на возила кои во 2018 година со Одлука на Влада на РСМ се доделени на користење на МТСП во сметководствената евиденција, како и отстранување на возило кое е отстапено на користење на друг субјект поради што сметката Опрема и Државен јавен капитал се зголемија за 3.560 илјади денари;
- Исправка на погрешно доставени информации за вредноста на опрема која е отстапена од МИОА, при што износите наместо во денари биле прикажани во евра. Со корекцијата сметката Опрема се намали за 52.329 илјади денари, Исправка на вредноста на опрема се намали за 9.594 илјади денари и Државниот јавен капитал се намали за 42.735 илјади денари;
- Исправка на евидентираната пресметаната амортизација за 2018 година на мобилни телефони, со што сметките Опрема и Исправка на вредноста на опрема се зголемија за 738 илјади денари;
- Исправка на евидентираната пресметана амортизација за возилата кои согласно одлука на Влада на РСМ биле отстапени на други институции, поради што сметките Опрема и Исправка на вредноста на опрема се намалија за 1.060 илјади денари;
- Отстранување на опрема од сметководствената евиденција која била двојно прокнижена поради што сметките Опрема и Државен јавен капитал се намалија за 767 илјади денари;
- Воспоставување на вонбилансна евиденција за градежните работи за санација на Пионерски дом 29 Ноември – Куманово во вкупен износ од 4.628

илјади денари, имајќи во предвид дека овој објект со одлука на Влада на РСМ е отстапен на користење на министерството, но истиот не е воведен во сметководствената евиденција и МТСП не располага со имотен лист.

Ревизијата за прифатените корекции обезбеди налози за книжење од МТСП бр. 32 од 24.12.2019 година и бр. 1 и бр.2 од 01.01.2020 година и истите како нето ефект предизвикаа намалување за 40.371 илјади денари на состојбата на активата и пасивата во финансискиот извештај - билансот на состојба и зголемување на вонбилансната актива и пасива за 4.628 илјади денари.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно одредбите од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, средствата остварени по сите основи од приредувањето на игри на среќа и забавните игри меѓу другото се користат и за финансирање на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, здруженија на граѓани за борба против семејното насилство и за Црвениот крст на РСМ. Износот на средствата се определува во висина од 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 60.000 илјади денари и не повеќе од 120.000 илјади денари. Во Буџетот на МТСП за 2018 година, одобрени се 70.000 илјади денари и истите се исплатени за споменатата намена согласно Програма[14]. Заради потврдување на висината на наплатените средствата, по барање на ревизијата, испратен е допис до МФ и на ден 31.12.2019 година доставен е податок за вкупен остварен приход од игри на среќа и забавни игри за календарската 2017 година во износ од 1.996.569 илјади денари.
Имајќи предвид дека 50% од вкупниот приход на игри на среќа изнесува 998.284 илјади денари, ревизијата е на мислење дека распределбата на овие средства не е правична и придонесува националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, здруженија на граѓани за борба против семејното насилство и Црвениот крст на РСМ да добијат помалку средства од предвидените со член 16 став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, односно да не го добијат максималниот износ од 120.000 илјади денари.

7.2. Согласно член 7 од Законот за вработување на инвалидни лица, вработеното инвалидно лице се ослободува од плаќање персонален данок од доход, а средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување се обезбедуваат од

[14] Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2018 година (Сл. Весник на РСМ број 53/18).

Буџетот на РСМ најмногу во висина од две нето просечни плати исплатени во РСМ во претходниот месец. За разликата од нето платата која го надминува овој износ, средствата за придонеси ги плаќа работодавачот.

Согласно член 10 од Законот за вработување на инвалидни лица, вработените во заштитното друштво кои не се инвалидни лица се ослободуваат од плаќање персонален данок од доход и за нив се обезбедуваат средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување од Буџетот на РСМ.

Работодавачите кои вработиле инвалидно лице согласно Законот за вработување на инвалидни лица, вршат исплата на бруто плата, а потоа од МТСП добиваат поврат на уплатените средства по основ на социјални придонеси. Начинот на поврат на средствата е детално пропишан со Упатство[15] донесено во март 2012 година од министерот за труд и социјална политика. Со упатството е уредено МФ - Управа за јавни приходи, по исплатата на нето плата на вработените и уплатата на социјалните придонеси од страна на заштитните друштва, работодавачот кој вработил инвалидно лице и инвалидното лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец, по електронски пат, во рок од 2 дена да достави податоци за фирмите до МТСП, додека МТСП е должно во рок од 15 дена да направат поврат на средствата. Во случај на доцнење на повратот на уплатените социјални придонеси, на уплатувачот треба да му се исплати камата во износ од 0,03% за секој ден задоцнување, заедно со износот на средствата за поврат.

Со извршениот увид во приложената документација констатиравме:

- Вкупниот поврат на средства во 2018 година изнесува 406.579 илјади денари, од кои 36.500 илјади денари се обезбедени од сметката Посебен фонд на АВРСМ. Во текот на 2018 година повратот на средства за придонеси од плата доцнел од 2 до 3 месеци, поради ненавремена достава на податоци од страна на МФ-УЈП. Во периодот на вршење на ревизијата, едно заштитно друштво има постапено согласно Упатството, односно има доставено фактура со пресметана камата од 0,03% за секој задоцнат ден во 2018 година. Ревизијата е на мислење дека потребни се системски промени во начинот на кој се врши повратот на средствата, односно да се воспостави електронски начин на порамнување меѓу уплатените средства по основ на плати и придонеси и средствата кои треба да им се вратат на заштитните друштва, работодавачот кој вработил инвалидно лице и инвалидното лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец. На таков начин би се воспоставил навремен поврат на средства и би се избегнале дополнителни трошоците по основ на камата.

[15] Упатство за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработените во заштитни друштва, инвалидните лица кога самостојно вршат дејност како трговци поединци и другите работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице донесено во март 2012 година.

- Поради не навремено објавување на податоците за просечна месечна плата исплатени во РСМ од страна на Државниот завод за статистика, МТСП се соочува со проблем при доследно почитување на законските одредби. Со цел да се запазат одредбите, надлежните вработени во МТСП воспоставиле сопствена пресметка на приближна просечна месечна плата за последните два месеци. Оваа пресметка ја изведува самиот систем за исплата на поврат на средствата и истата секогаш е помала во однос на просечната месечна плата во РСМ за дадениот месец, споредена откако Државниот завод за статистика ќе ја објави. Во периодот на вршење на ревизијата презентирани се дописи/ барања од страна на 4 заштитни друштва за надоместување на разликата од исплатените поврати на средства и тоа за неколку години наназад. Ревизијата е на мислење дека одговорното лице во МТСП треба да иницира промена во законските и подзаконските акти кои го уредуваат начинот на поврат во висина од две нето просечни плати исплатени во РСМ, со конкретно назначување дека се мисли на оние кои се официјално објавени од страна на Државниот завод за статистика.

Утврдените состојби во 2018 година не се во значителен износ, но ревизијата укажува на ризик од дополнително исплаќање на средства од буџетот на МТСП, доколку и останатите заштитни друштва/работодавачи/трговци поединци постапат на наведениот начин. Од друга страна оваа состојба влијае на солвентноста и ликвидноста на заштитните друштва, работодавачот кој вработил инвалидно лице и инвалидното лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец.

7.3. Од анализата на законската регулатива по која во 2018 година се исплатени правата за социјална заштита и заштита на децата, извршениот увид во деловните книги и поткрепувачката документација, спроведените интервјуа со надлежните вработени и направениот увид во досиејата од исплатените права, утврдивме определени системски и законски недоречености и тоа:

- Во член 69 – а од Законот за социјална заштита, уредено е дека лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, кое е запишано по прв пат на студиска година од прв и втор циклус на студии како редовен или вонреден студент на јавните високообразовни установи има право на парична помош за студирање во висина од 12 илјади денари месечно, ако користи социјален стан под закуп, односно 24 илјади денари месечно, ако не користи социјален стан под закуп. Ревизијата доби сознанија дека во рамките на ЦСР постои документација[16] како доказ за исполнување на условот за исплата на правото на парична помош за студирање во висина од

[16] Изјави од корисниците дека не користат социјален стан, а се земаат во предвид барањата на корисниците доставени до ЦСР за потврдување на нивниот статус доколку аплицирале да користат социјален стан.

24 илјади денари месечно, но во насока на подобрување на контролните активности, сметаме дека е потребно да се воспостави соработка со АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката, која официјално би ги потврдила корисниците на социјалните станови;

- Според член 79-а од Законот за социјална заштита правото на еднократна парична помош се определува за секој центар одделно во зависност од вкупниот број на жители на подрачјето за кое е надлежен центарот. Законски било определено правото да се движи во интервал од 300 илјади денари годишно, таму каде што бројот на жители е до 10.000, се до 900 илјади денари годишно, каде бројот е над 100.001 жители. Ревизијата констатира дека во 2018 година, од практични причини, не биле прецизно определени износите по подрачја, односно висината на паричната помош не зависела од бројот на жители во подрачјето, туку од реалната потреба за помош. Со донесување на нов Закон за социјална заштита[17] во 2019 година наведениот начин на распределба на еднократна парична помош е укинат;
- Согласно член 30 од Законот за заштита на децата, детски додаток не следува за дете државјанин на РСМ за кое родителот остварил право на детски додаток согласно со прописите на друга држава. Од разговорите со надлежните лица, ревизорите добија информација дека освен изјава од родителот, не постои друг документ со кој се докажува овој услов за остварување на правото на детски додаток.

7.4. Ревизијата сака да истакне дека во текот на 2018 година во МТСП се вработени од 9 до 11 лица на работни места хигиеничари, курири, дактилографи и работници на пријавница и истите се опфатени со Каталогот на работни места во јавниот сектор. Со одредбите во Законот за административните службеници не е уреден начинот на утврдување и пресметка на платите за овие лица, поради што на почетокот на годината министерот со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на вработените кои немаат статус на административен службеник. Поради тоа, овие лица се ангажирани преку склучување на договори за вработување согласно Законот за работните односи, со кој висината на бруто платата се утврдува со конкретен број на бодови, согласно што се врши и пресметката и исплатата на платата за овие вработени.

Со Законот за вработените во јавниот сектор е уреден начинот и бројот на пополнување на посебни работни места во кабинетот на министрите, заради извршување на работни задачи на посебни советници, како и времетраењето на договорот за вршење на функција посебен советник. Договорите за вработување се склучуваат по добивање на согласност за обезбедени финансиски средства

[17] Закон за социјална заштита (Сл. Весник на РСМ број 104/19).

од Министерство за финансии, со кое се утврдува и износот на бруто платата за овие лица. Ревизијата утврди дека со одредбите од овој закон не е уреден начинот на утврдување и висината на платата на посебните советници во одделните институции, вклучувајќи го и министерството.

За надминување на утврдените состојби, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на законската и подзаконската регулатива во делот на утврдување на висината и начинот на пресметка на платата на вработените кои немаат статус на административен службеник и посебните советници.

**Сметка на основен буџет (637)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 42.587.050 | 41.249.850 |
| **Вкупно приходи** | | **42.587.050** | **41.249.850** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 132.998 | 136.005 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 56.968 | 59.247 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 3.2.3. | 31.825.151 | 31.007.232 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 3.2.4. | 1.564.562 | 1.403.694 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 722.449 | 677.854 |
| Социјални бенифиции | 3.2.6. | 8.221.811 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **42.523.939** | **33.284.032** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2.7. | 63.111 | 33.335 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **63.111** | **33.335** |
| **Вкупно расходи** | | **42.587.050** | **33.317.367** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **7.932.483** |

**Сметка на основен буџет (637)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло -жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 9 | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 1.719 | 6 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 4.283.836 | 46.897 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.285.564** | **46.903** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 5.171 | 2.599 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 372.371 | 165.805 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 332.792 | 165.805 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4. | 351.199 | 31.180 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.061.533** | **365.389** |
| **Вкупна актива** | | **5.347.097** | **412.292** |
| **Вонбилансна актива** | 4.5. | **4.628** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 4.271.213 | 35.949 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 1.571 | 190 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 11.036 | 10.757 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 1.725 | 6 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.285.545** | **46.902** |
| **Извори на средства** | | | |
| Државен јавен капитал | 4.4.1. | 698.482 | 199.584 |
| Останат капитал (залиха на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) | 4.4.1. | 363.070 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.061.552** | **199.584** |
| **Вкупна пасива** | | **5.347.097** | **246.486** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.5. | **4.628** | **0** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 ден.

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залиха на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година по ББ** | **683.008** | - | **683.008** |
| **разлика на ПС во однос на ББ** | (483.424) | - | (483.424) |
| **Состојба 01.01.2018 година по годишна сметка** | **199.584** | - | **199.584** |
| **Зголемување по основ на:** | **595.496** | **363.070** | **958.566** |
| Набавки | 41.569 | - | **41.569** |
| Донација | 1.947 | - | **1.947** |
| Субвенции | 619 | - | **619** |
| Ревалоризација | 7 | - | **7** |
| Преотстапен/а објект/опрема | 62.817 | - | **62.817** |
| Прифатени корекции од ДЗР | 5.113 | - | **5.113** |
| **разлика на ПС во однос на ББ** | **483.424** | - | **483.424** |
| погрешно презентирана состојба во годишна сметка | - | 363.070 | **363.070** |
| **Намалување по основ на:** | **96.598** | - | **96.598** |
| Преотстапен/а објект/опрема | 34.984 | - | **34.984** |
| Амортизација | 17.190 | - | **17.190** |
| Амортизација на преотстапена опрема | (1.060) | - | **(1.060)** |
| Прифатени корекции од ДЗР | 45.484 | - | **45.484** |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **698.482** | **363.070** | **1.061.552** |